КИРМ
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 78 став 1 точка к) од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр. 72 /2016 и бр.142/2016), Управниот одбор на Комората на извршители на Република Македонија, на стопедесет и седма седница на Управниот одбор на Комората на извршители на РМ одржана на ден 04.01.2018 година, го усвои следното

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-12/15-1
04.01 2018 год.
СКОПЈЕ

## ПРАВНО МИСЛЕЊЕ

Извршителот е должен да прими барање за извршување со прилог заверен препис на извршна исправа, од нотар односно суд. Во барањето, доверителот треба да даде изјава дека извршната исправа не е поднесена кај друг извршител.

Заверениот препис на изводот од изворникот согласно Законот за нотаријат, односно заверениот препис на судската одлука согласно Закон за судовите, со ставени уредни клаузули на правосилност и извршност- во оргинал ставени на преписот, има правна важност како и изворникот на извршната исправа.

**Комора на извршители на РМ**

Претседател на Управен одбор,

Зоран Димов

Ул. Костурски херои бр.66/4 Скопје
тел. 02 3225 674 тел/фах 02 3239 877
e -mail: izvrsitelinarm@yahoo.com

КИРМ
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 78 став 1 точка к) од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр. 72 /2016 и бр.142/2016), Управниот одбор на Комората на извршители на Република Македонија, по повод Записник од седница на Стручен совет на КИРМ од од седница од 07.11.2017 година, на стопедесет и седма седница на Управниот одбор на Комората на извршители на РМ, одржана на ден 04.01.2018 година, го усвои следното:

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-12/16-3
04.01 2018 год.
СКОПЈЕ

**ПРАВНО МИСЛЕЊЕ**

Во случај да се исполнети условите за распределба на имотот на основачите на трговското друштво кое било избришано со решение на ЦРРМ, согласно член 552–а односно согласно член 552-б од Законот за трговските друштва, извршителот ќе постапи на начин што ќе донесе заклучок за прекин ( ЗИ од 2011), односно заклучок за запирање (ЗИ од 2016).

Во случај на спроведување на извршување над недвижен имот над кој е воспоставено заложно право, извршителот ќе продолжи со спроведување на извршувањето при што ќе постапи согласно одредбите за назначување на привремен застапник преку судот (член 550 од ЗТД), а задолжително ќе го извести Државниот правобранител на РМ.

Во случај да се исполнети законските услови за пренос на правото на сопственост на имотот на бришаниот субјект на РМ (член 552-а од ЗТД), извршителот ќе го продолжи извршувањето имајќи предвид дека по сила на закон настанала промена на едната страна во извршувањето, односно новиот сопственик на стварите е РМ врз кој со преносот на правото на сопственост се пренесени и обврските во висина на вредноста на имотот.

**Комора на извршители на РМ**

Претседател на Управен одбор,

Зоран Димов

Ул. Костурски херои бр.66/4 Скопје
тел. 02 3225 674 тел/фах 02 3239 877
e -mail: izvrsitelinarm@yahoo.com

КИРМ
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 78 став 1 точка к) од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр. 72 /2016 и бр.142/2016), Управниот одбор на Комората на извршители на Република Македонија, по повод Записник од седница на Стручен совет на КИРМ од од седница од 20.12.2017 година, на стопедесет и седма седница на Управниот одбор на Комората на извршители на РМ, одржана на ден 04.01.2018 година, го усвои следното:

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-12/17
04.01 2018 год.
СКОПЈЕ

## ПРАВНО МИСЛЕЊЕ

Извршителот е овластен согласно член 107 од Законот за извршување („Службен весник на РМ" бр.72/16 и 142/16) со заклучок да му наложи на заложниот регистар да се избришат сите сите запишани права и товари на подвижните предмети врз кои спроведувал извршување. Заложниот регистар при Централниот регистар на РМ како јавна книга, е должен да постапи по Заклучокот на извршителот (по член 107 од ЗИ) и да спроведе бришење на правата и товарите над подвижните предмети.

Извршителот не е овластен да поднесува барање за донесување акт од страна на друг државен орган или извршител, кои подоцна пристапиле кон извршувањето односно подоцна запишале право или товар над стварта која била предмет на извршување, бидејќи извршителоте овластен по службена должност да побара бришење од заложниот регистар.

Сите надоместоци и такси на Заложниот регистар при ЦРРМ, поврзани со бришењето на права и товари во јавната книга, претставуваат трошоци на извршувањето и извршителот е должен да ги предвиди при намирувањето на доверителот.

**Комора на извршители на РМ**

Претседател на Управен одбор,

Зоран Димов

Ул. Костурски херои бр.66/4 Скопје
тел. 02 3225 674 тел/фах 02 3239 877
e -mail: izvrsitelinarm@yahoo.com